Врз основа на член 47 став 3 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 19/95 и 55/97), министерот за внатрешни работи, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОВИКУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на повикување и ангажирање на припадниците на резервниот состав на Министерството за внатрешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 9/96), во членот 1 на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "во услови на сложена безбедносна состојба во Република Македонија или кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем.".

Член 2

Во членот 2, во ставот 2, по зборот "состојба" се додава запирка и зборовите: "во услови на сложена безбедносна состојба во Република Македонија или кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем.".

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 161-19886/1
17 јуни 2001 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Љубе Бошкоски,** с.р.